04-244/1
29. 11. 4

Врз основа на член 37-н и 37-њ од Законот за јавните претпријатија (Сл.Весник на РСМ бр.39/96....208/24), и член 6 од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.Весник на РСМ бр.27/14,199/14,27/16, 35/18,198/18, 143/19,14/20 и 208/24), а во согласност со Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас за унапредување на даватели на јавни услуги донесен од Управниот одбор на ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп бр.02-92/2 од 28.02.2017 година и Годишниот план за вработување на ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп за 2024 година заведен под бр.01-175/1 од 24.08.2023 година ,усвоен со Одлука на Совет на Општина Прилеп бр.09-3114/6 од 20.09.2023 година и позитивно мислење од МИОА бр.09-4415/6 од 04.12.2023 година, ја донесувам следната:

О Д Л У К А

За избор на пријавени кандидати на интерен оглас за пополнување на работни места по пат на унапредување на даватели на јавни услуги

1.Врз основа на објавениот интерен оглас за пополнување на работни места на даватели на јавни услуги по пат на унапредување бр.4/2024, објавен на ден 06.11.2024 година, на огласна табла во ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп и на интернет страницата на Јавното претпријатие

- За пополнување на работното место **„ Помошник раководител на сектор за технички работи и развој"** , шифра на работното место КДР 03 05 А03 190 и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен; („Инженерство и технологија" (машинско инженерство, електрично инженерство, електронско инженерство и информатичко инженерство, градежништво)), со работно искуство за нивото А3 најмалку две години работно искуство во струката, од кои најмалку една години на работно место во јавен сектор, односно најмалку четири години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор

, се избира кандидатот

- **ДАНЧЕ ЈОШЕСКА од Прилеп**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за селекција на кандидати (даватели најавни услуги) за унапредување по интерен оглас оглас бр.4/2024 објавен на ден 06.11.2024 година формирана со решение бр.04-198/3 од 06.11.2024 година во функција на спроведување на постапката за селекција за унапредување на даватели на јавни услуги во ЈКП„Водовод и канализација“-Прилеп, по објавениот интерен оглас за унапредување на даватели најавни услуги бр.4/2024 објавен на ден 06.11.2024 година, спроведе постапка за унапредување согласно одредбите од Законот за јавни препријатија, Законот за вработените во јавниот сектор и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас за унапредување на даватели на јавни услуги донесен од Управниот одбор на ЈКП „Водовод и канализација“-Прилеп бр.02-92/2 од 28.02.2017 година.

Согласно Записникот изготвен од Комисијата за селекција на кандидати (даватели најавни услуги) за унапредување по интерен оглас оглас бр.4/2024, се постапи во законски предвидениот рок за избор на кандидатите и согласно одредбите од Законот за јавните претпријатија и Законот за вработените во јавниот сектор, го избра кандидатот наведен погоре во одлуката.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука, незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Управниот одбор при ЈКП „Водовод и канализација“-Прилеп, во рок од 8 (осум) дена од денот на добивањето на одлуката.

ЈКП „Водовод и канализација“
Прилеп
Директор
Игор Гулабоски